УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД


# ПЕРСПЕКТИВАТА НА ТУРИСТИЧКИОТ РАЗВОЈ НА КОСОВО ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР

// авторезиме на докторска дисертација //


**Кандидат:**
**Беке Куќи**
**Индекс бр.15**

**Ментор:**
**Проф.д-р Симона Мартиноска**



Охрид, 2017 година

Туризмот претставува економска дејност која е составена од повеќе активности кои се меѓусебно координирани заради задоволување на потребите на туристите и посетителите. Денес туризмот се претставува како индустрија, бидејќи станува збор за сектор кој има за цел искористување на природните ресурси, човечкиот и финансискиот капитал за креирање на туристички производи и услуги, а притоа мора да се спомне дека таквото искористување или развој треба да се направи според принципите на оддржливиот развој. Туристичката индустрија е значаен сектор кој влијае во зголемувањето на економската активност на голем број земји во светот.

Туризмот претставува економска и меѓународна активност што во себе опфаќа економски, политички, социјални и еколошки фактори, кои имаат своја комплексна природа и во одредени случаи спротивставени односи. Денес туризмот се карактеризира со постојан и брз развој и со голема сензитивност.

Соочувајќи се со несигурни внатрешни и надворешни фактори, туризмот го привлекува светското внимание, најчесто во насока на изнаоѓање и избрирање на стратегии и планови кои ќе се адаптираат на најновите геополитички, социјални, економски, технолошки и еколошки промени.

Туризмот има голем потенцијал  и игра важна улога во дополнувањето на главните макроекономски цели кои се поврзуваат со економскиот раст, вработувањето, одржливиот економски и социјален развој.Во ова смисла, туристичките влијанија можаат да имаат економски, социјални, природни или еколошки, политички и културни карактеристики. Од сите спомнати категории на туристички влијанија, економското влијание има најголемо значење за севкупниот развој.

Туризмот и предметот на истражување опфаќаат повеќе аспекти од современото општество во кое живееме. Туристичките аспекти имаат социјален и економски карактеристики, а значењето на туризмот од аспект на социјалниот карактер се согледува во влијанието врз зачувувањето на психофизичките способности и здравје на населението, а потоа врз зачувувањето на нивото на култура, грижата за заштита и одржување на вредностите на културното наследство и врските кои постојат помеѓу земјите и различните региони на светот. Истото се однесува и на политичкиот аспект кој влијае врз меѓудржавните односи на земјите во светот.

Туризмот  придонесува во зголемувањето на националниот доход на една земја, создава можност за нови вработувања, го намалува трговскиот дефицит, го зајакнува економскиот развој на помалку развиените региони на една земја, ги поттикнува претпријатијата кои се занимаваат со производството на производи и услуги за

туристите, а сето тоа помага во дополнувањето или целосното исполнување и задоволување на туристичките потреби.

Проучувањето на овој комплексен феномен, а гледајќи ја големината на ова дејност од аспект на економијата, потребно е туризмот да се погледне и од други аспекти. За да се конципира подобро целината и формата на туризмот, тој треба да се набљудува како систем со што се овозможува нови приод во решавањето на многу проблеми во текот на развојот на туризмот.

Истражувањето и проучувањето на феноменот наречен туризам од гледна точка на системот во себе содржи четири главни елементи:

1. туристите (индивидуи или групи),
2. туристички оператори и посредници,
3. туристичката понуда,
4. општествениот аспект (промени во општеството, во културата, технологијата и политиката во врска со туристичките движења).

Треба да се истакне дека во последните години се појавува зголемен интерес од страна на истражувачите и научниците кои се занимаваат со влијанието на туризмот врз економиите на земјите, особено на оние фактори кои влијаат врз туризмот и целокупнта економија на земјите во развој како што е Република Косово.

Токму поради овие фактори, Република Косово треба да се фокусира најмногу врз економските политики на државата за да може подобро да се промовира туризмот на меѓународниот туристички пазар, со посебен осврт на туристичкиот пазар во Европа.

Ова уште повеќе поради фактот дека туризмот има позитивно влијаније врз економскиот развој на државата, а тоа треба да се искористи за подобрување или унапредување на конкурентската положба на регионалните и пошироките туристички пазари.

Секоја влада треба да го смета туризмот како вистински потенцијал за развој на економијата и треба да се поканат сите релевантни страни (општини, бизниси, цивилно друштво, туристички оператори и слично) во еден сеопфатен дијалог кој ќе произведе стратегиски пристап спрема развојот на туризмот.

Основните карактеристики на актуелната состојба со туризмот го рангираат Косово во регионите со многу туристички атракции и вредности, но со недоволна традиција.

Просторните карактеристики, биодиверзитетот, гео-комуникациската положба, климата и другите природни особини се добра основа за вклучување и на овој вид на туризам во целокупната туристичка понуда на Косово. Големиот број на туристички ресурси не се доволно валоризирани на начин што ќе овозможи успешен пласман на туристичкиот пазар внатре и надвор од земјата.

Иако се соочува со повеќе проблеми во различните фази на развој, во Република Косово, развојот на туризмот веќе се движи во иста насока како вкупниот развој на економијата на државата. Република Косово има доволен туристички потенцијал, а сепак тој потенцијал не е доволно искористен. Секако, развојот на туризмот ќе придонесе во зголемувањето на вкупниот БДП на државата, а тоа ќе значи повисоко место на рангирање на економскиот развој на државата.

Од друга страна, туризмот не е многу развиен и се идентификува како една од најнеразвиените гранки во економијата на Косово. Поради тоа потребна е национална стратегија каде државата ќе треба најпрво да идентификува, развиеи примени современ концепт за туризмот и привлекување на домашни и странски туристи.

Косово, наоѓајќи се во центарот на Балканскиот Полуостров, како туристичка дестинација претставува значаен простор кој може да се вклучи во рамките на туристичкиот развој на регионот на Европа. Поради оваа причина, насловот на овој научен труд е: "Перспективата на туристичкиот развој на Косово во рамките на европскиот туристички пазар", кој има за цел анализирање на актуелните состојби со туризмот на Косово и перспективата на развојот на туризмот во Косово во рамките на европскиот туристички пазар.

**Целта на овој труд** е да се спознаат перспективите на развојот на туризмот на Косово во рамките на европскиот туристички пазар и на тој начин туризмот да придонесе во економскиот развој на земјата и да биде поконкурентна туристичка дестинација во споредба со другите земји од потесниот регион и со поразвиените европски земји.

Ова истражување ќе овозможи креирање на нови стратегии кои претходно ќе се базираат на анализа и синтеза на сите добиени резултати од истражувањето, како и споредување на постојните стратегии и практики на развиените европски туристички дестинации со положбата на Косово на туристичкиот пазар за да може да се изнајдат подобри решенија за развој на туризмот на оваа земја.

**Предмет на истражување** на овој труд е да се определи или истакне улогата и значајноста на развојот на туризмот и врз основа на овој аспект да се изнајде најдобриот

начин за реализација на поставение цели од страна на локалните и централните власти надлежни во обласла на туризмот, туристичките агенции и туроператори во деловното работење (вклучување и опстанување на пзарот, поголем профит и зголемување на обемот на работење на пазарот и слично) и од другите вклучени страни кои на директен или индиректен начин влијаат врз развојот на туризмот, односно врз задоволувањето на барањата и потребите на туристите.

Ние имаме за цел да се направи анализа на потенцијалите, актуелната состојба и идните перспективи на развојот на туризмот на Косово како значајна туристичка дестинација на Балканот и на европскиот туристички пазар. Сметаме дека ова истражување ќе придонесе во рефлектирањето на развојот на туризмот врз националната економија и врз положбата на земјата во регионални и меѓународни туристички текови.

Реализацијата на целите кои се поставени при истражувањето на оваа тема се базира на **комбинацијата на** одредени **методи**, а најчесто ќе се водиме од индуктивната метода (истражување на посебното спрема општото, каде се добиваат заклучоци според постојните факти и премиси, а со цел верифицирање на податоците и операционализација на концептите) и дедуктивната метода (истражување на општото спрема посебното)

Во истражувањето се користи и квантитативната метода, затоа што податоците кои се собрани се поструктурирани, истражувањето вклучува повеќе испитаници во споредба со квалитативната метода, како и поради фактот дека податоците може полесно да се реплицираат и да се споредат директно со другите податоци.

При разработката на оваа тема се користат примарни и секундарни податоци, односно официјални податоци изнесени во сите видови документи и ќе се анализираат најрелевантните податоци и информации за потврда на реалните слики за состојбите во наведениот систем на односи. Врз основа на тие податоци ќе се обидеме да конструираме и соодветни заклучоци.

Истражувањето на трудот најмногу се темели на **кабинетскиот пристап** (desk research), додека одредени **теренски истражувања** (field research) се реализирани и со помош на интернетот како медиум што во себе содржи голем број на податоци.

Во истражувањето на докторската дисертација тргнуваме од поставувањето на следната **општа хипотеза**:

1. Развојот на туризмот на Косово е перспектива за вклучување на европскиот туристички пазар.

Како **посебни хипотези** во истражувањето ќе се користат следните:

1.1.Развојот на туризмот на Косово е важен фактор за развој на целокупната економија на земјата.

1.2.Косово е значајна туристичка дестинација на Балканскиот Полуостров и има зголемени можности за пристап до другите меѓународни туристички пазари.

Истражувањето кое е спроведено во овој труд треба да даде одредени резултати за развојот на туризмот на Косово. Треба да очекуваме дека постои и ќе постои и понатаму консензус кај сите вклучени страни во туризмот на Косово дека ако туризмот не се смета за приоритетна област, тогаш и развојот и влијанието на туризмот врз економскиот развој на Косово ќе продолжи да се ограничува или стагнира.

**Од** ова **истражување се очекува** да се спознаат основните и најзначајните карактеристики на туризмот кои во иднина треба да го рангираат Косово повисоко во листата на туристички дестинации во споредба со оние од овој регионi, поради своите туристички атракции и вредности. Просторните карактеристики, биодиверзитетот, гео-комуникациската положба, климата и другите природни особини се добра основа за креирање на целовита туристичка понуда за Косово. Големиот број на туристички ресурси не се доволно валоризирани на начин што ќе овозможи успешен пласман на туристичкиот пазар внатре и надвор од земјата.

Понатаму, се очекува местото на Косово како туристичка дестинација да биде во регионот, заедно со соседните земји и другите земји од Европа како најзначаен туристички регион во светот. Косово е мала земја, но со големи природни и историско-културни ресурси и вредности кои можат да помогнат во подигнувањето на степенот на развој на туризмот на ова држава. Иднината на туристичкиот развој на Косово е во Европа.

Овој труд се состои од шест делови. **Првиот дел** “Теоретско-методолошки пристап во истражувањето“ го објаснува предметот и целта на истражување на овој труд, методите кои се користени во истражувањето и методолошкиот пристап на проучување. Како составен елемент на овој дел е прикажувањето на основната и помошната или помошните хипотези, кои во текот на трудот и на крај треба да се потврдат или отфрлат и на крај да се прикажат и очекуваните резултати.

**Вториот дел** “Позицијата на Косово и перспективата за туристичкиот развој“ има за цел да ја прикаже реалната состојба и положба на ова држава во однос на развојот на туризмот воопшто. Овој дел се состои од две поглавја. Во првото поглавје се објаснува положбата на Косово со сите особености во смисла на прикажувањето на ова земја како туристичка дестинација (географската положба, регионалната поврзаност со соседните земји и локалната поврзаност на самите туристички места во Косово).

Во второто поглавје се објаснува развојот на туризмот на Косово (најзначајните текови на развојот на туризмот до крајот на минатиот век, односно положбата на туризмот на земјата во рамките на поранешната држава и проблемите со кои се соочувало Косово во таа сфера, како и состојбата на туризмот на Косово во последните години и натамошните насоки за развој на туризмот. Овде се прикажува временски период од петнаесеттина години, и во време на воени конфликти и после осамостојувањето на Косово како најмлада држава на светот. Сепак, за нас се важни да се прикажат проблемите и потенцијалите за развој на туризмот во поново време.

**Третиот дел** “Фактори за развој на туризмот на Косово “ има за цел да се објаснат факторите кои влијаат врз развојот на туризмот, а овој дел е составен од две поглавја. Во првото поглавје станува збор за основната поделба на факторите за развој на туризмот: фактори на туристичката побарувачка (објективни и субјективни фактори), фактори на туристичката понуда (атрактивни и рецептивни фактори) и фактори н туристичкото посредување (туристички агенции, превоз, туристичка политика и туристичка промоција).

Второто поглавје има за цел да ги прикаже факторите за развој на туризмот на Косово како туристичка дестинација, а кои се сметаат како потенцијал за развој на туризмот. Најпрво ќе се спомнат природните ресурси како фактор за развој на туризмот (геолошките и геоморфолошките ресурси за развој на туризмот, хидрографската состојба како значаен туристички ресурс, биогеографски ресурси за развој на туризмот на Косово и климатските услови како фактори за развој на туризмот).

Понатаму, во втората точка од ова поглавје се антропогените вредности поради фактот дека Косово е богата земја (туристичка дестинација) од аспект на културно-историските ресурси: археолошките локалитети, старата архитектура, музејите и галериите, фестивалите, уметноста, песните иората, верските обреди и настани, традиционалната кујна, занаетчиството и слично.

Во третата точка од ова поглавје се објаснуваат и други фактори кои не се спомнуваат на друго место, а за кои сметаме дека е значајно да се спомнат во овој труд:

капиталната инфраструктура, финансиските фактори за развој на туризмот, нивото на образование како фактор на развојот, културата, обичаите и законите, развојот на сообраќајот и политичките фактори.

**Четвртиот дел** "Улогата на туризмот во рамките на светскиот и европскиот туристички пазар" има за цел да се запознаеме со основните текови на меѓународниот туризам. Овој дел се состои од две поглавја, во првото поглаве станува збор за најзначајните светски туристички текови според Светската туристичка организација (UNWTO), додека во второто поглавје ќе се објаснат главните туристички текови во рамките на европскиот туристички пазар, по подрегиони, за да имаме појасна слика за соседните земји на Косово и да можеме после тоа да направиме споредбена анализа и на тој начин да ја дознаеме вистинската положба на Косово како туристичка дестинација.

**Петтиот дел** "Анализа на состојбата со развојот на туризмот на Косово за временскиот период 2012-2016 година" е најзначајниот дел на овој труд кој се однесува токму на анализирањето на состојбата со туризмот на Косово што го има во овој момент. Овој дел се состои од три поглавја.

Во првото поглавје ќе се анализира бројот на туристи и остварени ноќевања во Косово за временскиот период 2012-2016 (број н домашни и странски туристи и остварени ноќевања од домашните и странските туристи за тој временски период), бројот на туристи и остварени ноќевања според статистички региони за временскиот период 2012-2016 (број на домашни и странски туристи по региони и остварени ноќевања од домашни и странски туристи по статистички региони), како и земјата на потекло на туристите кои го посетуваат Косово за тој временски период (по број на туристи и остварени ноќевања).

Во второто поглавје од овој труд ќе се направи анализа на сместувачките и угостителските капацитети на Косово за временскиот период 2012-2016 година. Најпрво ќе се фокусираме на сместувачките капацитети на ниво на државата (видови на објекти за сместување на гости, основни капацитети за сместување на гости, комплементарни капацитети за сместување на гости, број на соби и легла во основните и комплементарните капацитети за сместување и искористеноста на капацитетите за сместување на гости), а после тоа ќе се прикажат угостителските објекти за давање на услуги за исхрана според видовите на тие угостителски објеки и според бројот на угостителски објекти по региони на Косово.

**Шестиот дел** "Перспективата на Косово како туристичка дестинација во рамки на европскиот туристички пазар" е последниот дел од овој труд и се состои од две

поглавја. Во првото поглавје станува збор за анализирање и споредување на односот кој постои помеѓу туристичките движења на Косово и другите земји од Европа како светски туристички регион. Тука ќе се обидеме да направиме, најпрво споредба на туристичките движења помеѓу Косово и соседните земји (Македонија, Албанија, Црна Гора и Србија), па потоа со другите земји од Балканскиот Полуостров и на крај ќе ја прикажеме позицијата на туризмот на Косово во однос на поразвиените европски туристички земји-дестинации.

Во второто поглавје ќе се обидеме да ги идентификуваме проблемите со кои се соочува туризмот на Косово, а како поважни се сметаат оние од областа на: институциите на националната економија, туристичките субјекти, културното наследство, деградацијата на животната средина, недостатокот на професионални кадри во туризмот и проблемите од областа на правната регулатива во туризмот. Во втората и последна точка од овој дел ќе се обидеме да дадеме наши перспективни согледувања за развој на туризмот на Косово.

На крајот од трудот ќе бидат изнесени **заклучните согледувања** од истражувањето, ќе се спознаат факторите за развој на туризмот и токму поради овие фактори, Република Косово ќе треба да се фокусира најмногу кај политиките на туризмот за да може подобро да се промовира туризмот на меѓународниот туристички пазар, со посебен осврт на туристичкиот пазар на Европа.

Врз основа на истражувањето во овој труд, доаѓаме до следните заклучоци:

- Географската положба на Косово има големо влијание во создавањето на позитивна туристичка положба на земјава како туристичка дестинација во рамките на Балканот и Европа (Косово се наоѓа во центарот на многу значајни региони како што се Панонија на север, Црно Море на исток, Егејско Море на југ и Јадранско Море на запад),
- Положбата на Косово од аспект на просторот и геополитиката може да се искористи за создавање на нова туристичка понуда и учество во заеднички туристички пазар кој опфаќа широк простор каде би се постигнале поголеми придобивки од движењето на луѓето, стоките, услугите и капиталот,
- Поврзаноста на Косово со соседните земји и со Европа не е на соодветно ниво, затоа што патната мрежа и инфраструктура не е толку развиена (патиштата се изградени пред педесеттина години и не се одржувани), железничкиот сообраќај се одвива само во кратки релации внатре во земјата, постои само еден

меѓународен аеродром, меѓународните автопатишта не се изградени според меѓународни стандарди, но во тек е изградбата на неколку магистрални патишта кои ќе го поврзат Косово со Македонија и Албанија,

- Во временскиот период од 1970 до почетокот на 1990 година во туризмот во Косово се појавија големи проблеми (рестриктивни мерки за угостителските претпријатија, голем број на работници од овој сектор останаа без работа, се воведоа повеќе законски мерки во делот на општествениот капитал, се прекинаа започнатите инвестиции),
- Во тој временски период се намали туристичкиот промет, се намалија капацитетите за сместување на туристи, се намали бројот на домашни и странски туристи, како и бројот на остварени ноќевања од домашните и странските гости,
- Во периодот 1998-1999 година на Косово во голема мера се уништија туристичките потенцијали и капацитети, односно богатството кое се создавало низ годините, а тоа пак доведе до уништување на целокупната економија,
- По завршувањето на воениот конфликт на Косово, туризмот започна да зазема значајно место во економијата, а според податоците во истражувањето можеме да заклучиме дека туризмот во БДП-то на земјата учествува со над 1% (речиси 6 милијарди евра во 2016 година), додека приходите по глава на жител во таа година изнесувале 3440 евра,
- На Косово денес се регистрирани 3360 туристички претпријатија, каде се вработени речиси 10.500 вработени, односно 10.5% од вкупниот број на претпријатија се во областа на туризмот, а 7.2% од вкупниот број на вработени на ниво на државата спаѓаат во овој сектор,
- На Косово постојат релативно добри услови за развој на туризмот затоа што оваа земја располага со големо природно богатство (геоморфолошки форми, хидрографија и клима и други атрактивни елементи) чие искористување го прави Косово една од најпривлечните дестинации во регионот и во Европа,
- На Косово може да се развијат зимскиот, спортскиот, здравствениот, ловниот и транзитниот туризам затоа што има потенцијал за изградба на повеќе центри кои би можеле да понудат одлични услови за развој на наведените видови на туризам според европски или меѓународни стандарди,
- Големи туристички атракции се сметаат и Водопадите на Мируша, Реката Неродима, термоминералните води на Бања Пеја, Бања Клокот и Бања Митровица, бидејќи куративната моќ на овие термални води може да се

споредува со познатите бањи на регионот. Меѓутоа, во моментов не постојат доволно сместувачки капацитети за прифаќање и престој на туристите,

- Косово како туристичка дестинација во Европа е познато и по антропогените вредности со кои располага, како составен дел на туристичката понуда, кои би можеле да се искористат за продолжување на времетраењето на престојот на туристите и за зголемување на приходите по основ на културниот туризам (посета на културно-историските монументи, музеи, галерии, спортски манифестации),
- Косово како туристичка дестинација е познато и по традиционалната кујна како една од најпретставителните кујни на Балканот, со одредени влијанија од соседните земји, но и од медитеранските елементи на приготвување на храна, па затоа сметаме дека косовската кујна треба силно да се промовира и да биде составен дел на секој туристички пакет аранжман,
- Финансиските фактори за развој на туризмот не се на соодветно ниво, затоа што ниту државните организации ниту приватните субјекти не инвестираат доволно во овој аспект, а од друга страна постојат големи проблеми во обезбедувањето на поволни кредити за субвенционирање на туристичките субјекти воопшто,
- Во Косово има недостаток на професионални кадри од областа на туризмот и угостителството, менаџерите кои управуваат со хотелите немаат доволно соодветно ниво на образование, а работниот персонал е составен од млади неискусни и недоволно квалификувани лица кои немаат можности за дообучување и оспособување,
- Само неколку средни училишта имаат предмет туризам и угостителство и само три високообразовни институции (два колеџа и еден јавен универзитет) нудат студиски програми за туризам,
- Според статистичката поделба на Косово, Агенцијата за статистика на оваа земја укажува на тоа дека во Косово, во седум статистички региони, има вкупно 109 хотели кои се категоризирани по закон, 2512 соби со 3770 кревети. Меѓутоа, вкупниот број на хотели изнесува 194, а заедно со другите видови на објекти за сместување, бројот на сместувачки капацитети е 495 субјекти кои располагат со околу 7000 соби со речиси 11000 соби. Сметаме дека бројот на хотели, соби и кревети не е доволен за пречекување и сместување на поголем број на домашни и странски туристи,
- Во временскиот период 2012-2016 година има постепено намалување на бројот на домашни туристи (намалување од 50.000 туристи во 2012 година на 46.000 во

2016 година), а спротивно на ова има зголемување на бројот на странски туристи (зголемување од 49.000 туристи во 2012 година на 84.000 туристи во 2016 година), додека вкупниот број на туристи во овој период се зголемил од 99.000 туристи на 130.000 туристи,

- Остварените ноќевања од домашните туристи бележат одредени осцилации во временскиот период 2012-2016 година, меѓутоа се забележува зголемување, па така од 52 илјади ноќевања во 2012 година, тој број достигнува на 62 илјади ноќевања. Од друга страна, порастот на бројот на остварените ноќевања од странските туристи е поголем во однос на домашните туристи, па така од 91 илјада ноќевања, тој број се зголемува на 132 илјади ноќевања, додека вкупниот број на остварени ноќевања во тој период се зголемил од 143 илјади ноќевања на 194 илјади ноќевања,
- Најпосетен регион на Косово според бројот на туристи е Приштина (76 илјади туристи во 2016 година), на второ место е регионот на Пеја (24 илјади туристи во 2016 година), а на трето место е регионот на Призрен, кого го посетиле над 16 илјади туристи во 2016 година,
- Според бројот на остварени ноќевања, исто така регионот на Приштина е на прво место (120 илјади ноќевања во 2016 година), додека на второ место е регионот на Пеја каде во 2016 година биле остварени 33 илјади ноќевања, а на трето место е регионот на Призрен каде биле остварени над 21 илјада ноќевања во 2016 година,
- Туристите кои најмногу го посетиле Косово во 2016 година се оние кои доаѓаат од Албанија, на второ место доаѓаат гостите од Германија, додека на трето место се туристите од Турција. Иста е состојбата и со бројот на остварени ноќевања, односно на прво место се гостите од Албанија, на второ од Германија и на трето место туристите од Турција,
- Во однос на капацитетите за сместување на гости, регионот на Приштина има најголем број (78 објекти со 1569 соби и 2245 легла), на второ место е регионот на Пеја каде има 58 објекти со 760 соби и 1533 легла, а на трето место е регионот на Призрен со 54 објекти, 808 соби и 1702 легла,
- Многу голем проблем кој се појавува кај сместувачките капацитети е искористеноста на капацитетите за сместување на гости, па според податоците од Агенцијата за статистика, процентот на искористеност на капацитетите за сместување на ниво на државата Косово е многу ниска и изнесува 9.29%

- Регион со најголем број на угостителски објекти за исхрана е Приштина, каде функционираат 227 објекти, потоа на второ место е регионот на Призрен каде има 162 објекти за исхрана и на трето место е регионот на Пеја со 154 објекти за исхрана,
- Кога зборуваме за туристичките движења на Косово во рамките на европскиот туристички пазар, забележуваме дека Косово не постои во статистичките податоци на UNWTO поради фактот дека оваа земја сеуште не е членка на оваа светска организација,
- Во однос на соседните земји, во 2015 година, Косово го зазема последното место како туристичка дестинација според бројот на туристи (околу 140 илјади) кои ја посетиле оваа земја (на прво место е Србија која ја посетиле околи 2.5 милиони туристи, на второ место е Црна Гора со над 1.7 милиони туристи, додека на трето место е Македонија со над 816 илјади туристи и на преспоследното место е Албанија со околу 800 илјади туристи),
- Косово е на последно место според бројот на остварени ноќевања (202 илјади ноќевања), во 2015 година, на прво место е Црна Гора каде се остварени над 11 милиони ноќевања, на второ место е Србија каде се остварени над 6.6 милиони ноќевања, додека на трето место е Албанија со над 4.1 милион ноќевања, Македонија е на претпоследното место со 2.4 милиони ноќевања,
- Во однос на другите земји од Балканот, Косово е многу мала туристичка дестинација, затоа што сите земји од овој регион се посетени од милиони туристи кои оствариле десетици милиони ноќевања во 2015 година, па според тоа Косово не може во ниту еден случај да се спореди со другите земји-туристички дестинации на Балканот,
- Позицијата на туризмот на Косово во однос на европските земји е подобра само ако се спореди со Лихтенштајн и Сан Марино каде во 2015 година во овие две земји биле забележани 57 илјади, односно 54 илјади меѓународни пристигнувања, а на Косово 79 илјади меѓународни пристигнувања.

Горeспоменатите заклучоци од овој труд се основа за прифаќање или неприфаќање на основната и посебните хипотези. Основната хипотеза на овој труд е:

→ Развојот на туризмот на Косово е перспектива за вклучување на европскиот туристички пазар.

Според истражувањето и статистичките податоци за туристичките движења на Косово можеме да кажеме дека СЕ ПРИФАЌА основната хипотеза на овој труд, затоа што само развојот на туризмот на Косово ќе придонесе оваа земја да се вклучи на меѓународните туристички пазари, особено спрема европскиот туристички пазар како најразвиен во целиот свет.

Во овој труд ние ги забележавме туристичките ресурси и потенцијали, но истовремено и најзначајните проблеми со кои се соочувало и сеуште се соочува Косово во сферата на туризмот, па така сметаме дека надминувањето на потешкотиите ќе придонесе да се постигне поголем степен на развој на туризмот на земјава, а тоа пак значи поголема перспектива за инклузивност во најзначајните туристички пазари.

Прва посебна хипотеза на овој труд гласи:

→ Развојот на туризмот на Косово е важен фактор за развој на целокупната економија на земјата.

Имено, како во секоја земја, така и во Косово, туризмот игра многу важна улога и претставува многу важен фактор за развој на националната економија, па затоа сметаме дека СЕ ПРИФАЌА првата посебна хипотеза на овој труд. Ова поради фактот дека пред многу години економијата на Косово беше разурната поради многу причини, но веднаш на почетокот на овој век, економијата почна securit пополека да се заздравува, а свој придонес во тоа има и туризмот.

Меѓутоа, треба да се спомене дека туризмот сеуште не е толку развиен како што е во соседните земји, во земјите од регионот, а особено не може да се споредува со степенот на развој на туризмот на европските дестинации, од повеќе аспекти, но сепак постои видлив напредок во развој на туризмот.

Денес на Косово има над 3300 туристички субјекти кои вработуваат над 10 илјади работници, туризмот создаде над 67 милиони евра приходи во 2016 година, што претставува над 1% од БДП-то на земјава. Иако показателите за развојот на туризмот не се на соодветно ниво, сепак можеме да кажеме дека навистина развојот на туризмот на Косово е многу важен фактор за развој на економијата.

Втората посебна хипотеза гласи:

→ Косово е значајна туристичка дестинација на Балканскиот Полуостров и има зголемени можности за пристап до другите меѓународни туристички пазари.

Впрочем, Косово располага со природни ресурси и богато културно и историско наследство кои ја прават оваа земја значајна туристичка дестинација на Балканот. Иако располага со мали капацитети за сместување на гости, сепак Косово има сеуште недопрена природа, разновиден животински и растителен свет, со ендемски видови, високи планини, планински езера и реки кои може да се искористат за развој на повеќе видови на туризам.

Сето тоа може да значи вистински потенцијал за привлекување на домашни и странски туристи за да исполнат посебни туристички потреби, зголемувањето на бројот на туристи ќе значи и поголема промоција на странските пазари, а веднаш потоа да се создадат одредени услови кои ќе помогнат да се зголемат можностите за настап на позначајните меѓународни туристички потенцијали, со фокус спрема европскиот туристички пазар.

Освен тоа, Косово е место со богато историско и културно минато, каде материјалното и нематеријалното наследство може да се искористи за привлекување на туристи, а тоа пак да значи и развој на културниот туризам кој ќе помогне во продолжувањето на времето на престој на домашните и странските туристи.

На Косово има многу археолошки локалитети, верски објекти од повеќе различни религии, историски згради и монументи, музеи и галерии, фестивали од домашен и меѓународен карактер, верски обреди и аџилак, старо занаетчиство и слично, кои претставуваат посебен интересен аспект за посета и многу важен туристички сегмент на меѓународните туристички пазари.

На тој начин, Косово ги зголемува своите можности да постане значајна туристичка дестинација на Балканскиот Полуостров и да има свое учество на туристичките пазари, а тоа значи дека СЕ ПРИФАЌА и втората посебна хипотеза на овој труд.

Местото на Косово како туристичка дестинација е во регионот, заедно со соседните земји и другите земји од Европа како најзначаен туристички регион во светот. Косово е мала земја, но со големи природни и историско-културни ресурси и вредности кои можат да помогнат во подигнувањето на степенот на развој на туризмот на оваа држава. Иднината на туристичкиот развој на Косово е во Европа.